Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 ноември 2022 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за утврдување на категорија на угостителски објект

1. Со оваа решение се утврдува дека угостителскиот објект хотел Капиштец со седиште на ул.Миле Поп Јорданов бр.3 Скопје, ги исполнува условите за хотел од петта категорија со една (1) ѕвезда, со период на важност од три години, сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија.

## Образложение

Јорчевски Бојан Сашо хотел Капиштец ТП Скопје со седиште на ул.Миле Поп Јорданов бр.3 Скопје поднесе Барање бр. УПI 13-464 од 30.8.2022 година, за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект хотел Капиштец - Скопје, за хотел од петта категорија со една (1) ѕвезда.

Комисијата за категоризација на угостителските објекти, постапувајќи по Барањето изврши увид на предметниот објект при што со Ивештај бр.УПI 13-464 од 15.9.2022 година, констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од петта категорија со една (1) ѕвезда, пропишани со Правилникот за услови за категоризација на обејктите за сместување за вршење на угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Северна Маледонија на предлог на Комисијата за категоризација на угостителските објекти за сместување донесува решение за утврдување на категорија на уготителските објекти за сместување.

Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објкект за сместување се издава со важност од три години од денот на издавањето.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

Бр. 41-9199/ 6
8 ноември 2022 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Северна Македонија

д-р Димитар Ковачевски

Подготвил: Тања Поповска, самостоен референт
Проверил: Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Љубица Р. Димовска, државен советник
Снежана М. Пендовски, државен советник
Согласен: Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата